АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Платежните Агенции на Република Македонија и Република Турција




На ден 11.06.2015 година во просториите на Агенцијата за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот развој на Република Турција во Анкара, Директорите на Платежните Агенции на Република Македонија и Република Турција, г-ѓа Билјана Вуковиќ и г-дин Али Реџеп Назли склучија Меморандум за соработка во процесот за пристапување кон Европската Унија. Меморандумот за соработка е со цел унапредување на заедничката соработка и зајакнување на размената на знаење и искуство во областа на користењето на претпристапните фондови за рурален развој од ЕУ како и остварување на поуспешна интеграција во ЕУ.




За време на дводневната посета на делегацијата од Република Македонија во Анкара, Директорите на двете Платежни Агенции го споделија искуството од превземените активности по однос на имплементација на мерките од ИПАРД Програмата и изразија подготвеност за натамошно продлабочување на взаемната соработка во оваа област со

цел што подобро да се подготви целокупниот систем за подобрено користење на претпристапните средства од ИПАРД фондовите и подоцна фондовите од Европскиот земјоделски фонд за рурален развој.

Настанот беше покриен од страна на повеќе турски печатени и електронски медиуми како Haberler.com, Memleket.com.tr, Karar.com.